# Ефектите од деловната соработка помеѓу СДИ и МСП во Република Македонија

**Раководител на проект:** доц. д-р Наташа Ристовска

**Нарачател:** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Изведувач:** Факултет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Оправданост на истражувањето:**

Малите и средни претпријатија играат важна улога во економскиот раст и развој на земјата. Природата и степенот на нивниот придонес варира од земја до земја, како одраз на економските, политичко-правните и социјални разликите, но и институционалните услови, и на крајот во зависност од конкурентноста на секторот на МСП. Во овој контекст, кај земјите во транзиција и земјите во развој е изразена потребата да се промовира и да се зајакне долгорочниот развој на секторот на МСП. Странските директни инвестиции (СДИ) имаат значајна потенцијална улога во однос на долгорочниот конкурентен развој и интернационализацијата на МСП во овие земји. Тековната состојба покажува недоволна искористеност на капацитетите на домашните мали и средни претпријатија во функција на задоволување на потребите на големите мултинационални претпријатија во однос на обезбедување на одредени ресурси и услуги или екстернализација на дел од активностите.

Постојат можности и простор за развој на деловни врски и соработки помеѓу СДИ и МСП во РМ во насока на зголемување на обемот на економската активност и вработувањето, привлекување на нови СДИ, како и трансфер на технологија, знаење и вештини во домашната економија.

Врз основа на гореспоменатото, а притоа водени од потребата за темелно научно истражување на посочената проблематика, Факултетот за претприемачки бизнис иницира реализација на научно-истражувачки проект со наслов „*Ефектите од деловната соработка помеѓу СДИ и МСП во Република Македонија*“.

Како главни ***цели на проектот*** се поставуваат следните:

- Да се направи оценка на тековните услови за стратегиско поврзување на МСП со мултинационалните претпријатија во синџирот на снабдување,
- Да се утврдат можностите за создавање на поконкурентен сектор на МСП преку искористување на потенцијалите за развој на соработката,
- Да се детерминираат бенефитите од поврзување на СДИ и МСП,
- Да се обезбедат насоки и препораки за креаторите на националните развојни политики за максимално зајакнување и диверзифицирање на секторот на МСП и интегрирање на македонските МСП во глобалниот синџир на снабдување.

**Истражување:**

Истражувањето ќе се реализира во мали и средни претпријатија на територијата на Република Македонија. Примерокот на истражување ќе биде определен согласно базата на регистрани мали и средни претпријатија на територијата на Република Македонија. Како техники ќе се користат анкетирање и интервјуирање, за што наменски ќе бидат изработени анкетен прашалник и протокол за насочено интервју.

Истражувањето ќе го спроведат студентите на Факултетот за претприемачки бизнис под раководство на наставниот кадар (професори и асистенти).

**Време:**

декември 2016 – јуни 2017

**Координатор на проектот:**

Доц. д-р Наташа Ристовска

**Координатор за методологија на истражување (од изработка до реализација):**

Доц. д-р Александар Даштевски

**Координатор за компании и студенти:**

Асс. м-р Мери Ничкова

**Статистичка обработка на податоци:**

Студенти од Факултетот за претприемачки бизнис